Страшо Пинцур
Неготино
У

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето
во учебната 2022/23 г.



**Август, 2023 година**

Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во текот на учебната 2022/23 година. Целта и задачите на годишниот извештај е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и вонnаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците, односно да се обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работата на училиштето.



## Лична карта на училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино |
| **Адреса, општина, место** | ул. „ Партизанска“ бр. 146 Неготино |
| **Телефон** | 043 361 900 |
| **Веб сајт** | www.spingur.mk |
| **е-маил** | ou-strashopindzhur-negotino@schools.mk |
| **Број на подрачни училишта** | 4 |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на ученици** | 878 |
| **Број на паралелки** | 47 |
| **Број на вработени** | 92 (директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, 67 наставници, 2 административни работници, 19 техничка служба) |
| **Број на смени** | Две смени |

**ВОВЕД**

ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино е деветгодишно училиште во чиј состав работат и четири подрачни училишта во селата: Криволак, Пепелиште, Војшанци и Црвени Брегови, каде наставата се одвива од I - V одделение.

Во состав на ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино работи и една комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби, која брои 2 ученици.

Вкупниот број на ученици на ниво на основно училиште од I - IX одд. во учебната 2022/2023 год. изнесува **876** ученици и 2 ученици во посебната паралелка, што значи вкупно на ниво на училиште бројната состојба изнесува **878** ученици.

| **БРОЈНА СОСТОЈБА во учебната 2022-23 год.** | | |
|---|---|---|
| | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
| **Одд. настава (во градот)** | 312 | 15 |
| **Предметна настава (во градот)** | 344 | 16 |
| **Посебна паралелка (во градот)** | 2 | 1 |
| **Вкупно во градот** | **658** | **32** |
| **ПУ с.Криволак** | 109 | 5 |
| **ПУ с.Пепелиште** | 67 | 5 |
| **ПУ с.Војшанци** | 17 | 2 |
| **ПУ с.Црвени Брегови** | 27 | 3 |
| **Вкупно на ниво на училиште** | **878** | **47** |

# Организација и реализација на воспитно-образовната работа

**Учебната година започна на 01.09.2022 година**

Согласно Календарот за организација и работа на основните училишта, учебната година започна на 01 септември.



Реализацијата на воспитно- образовниот процес во текот на оваа учебна година се одвиваше со физичко присуство, за сите ученици од I до IX одделение.

Од оваа учебна година, училиштето започна со ротирање на сменското работење односно, ротирање на одделенска и предметна настава.

На 01 септември училиштето спремно ги дочека своите ученици.

За првачињата, оние кои прв пат седнуваат во училишните клупи беше подготвен мал свечен прием.

## Европска Недела на спортот

По повод Европската Недела на спортот во Неготино се одржа спортски настан на кој учество земаа ученици од ООУ „Страшо Пинџур" Неготино. Настанот се одржа на 23.09.2022 година со почеток на велосипедската рута од ООУ „Страшо Пинџур " Неготино низ Криволак, Пепелиште и завршеток на велосипедската рута во ООУ „Страшо Пинџур "-Неготино.

Настанот е организиран во соработка со Општина Неготино, Агенцијата за млади и спорт, Федерација на училишен спорт.



## Втор настан во рамките на Европската недела на спортот

По повод Европската недела на спортот во Неготино се одржа спортски настан на кој учество земаа ученици од ООУ „Страшо Пинџур" Неготино. Настанот беше организиран на 24.09.2022г. со почеток од паркот во населбата Саат Кула па се до месноста викана „Тимјаничка цуцка" во близина на Неготино. Настанот е организиран во соработка со Општина Неготино, Агенцијата за млади и спорт, Федерација на училишен спорт . Настанот беше организиран под менторство на нашиот наставник по ФЗО-Зоран Симоновски.

## Потрага по богатството – едукативна игра

На 28 септември со учениците од 9 одделение беше реализирана едукативна игра. Со користење на мобилните телефони и апликациите google maps, google sheets и strava,

учениците на 4 точки низ градот (Спомен костурницата, спортстката сала, Градската библиотека и училиштето) решаваа загатки од хемија, физика, македонски јазик и француски јазик. Во активноста се вклучи и Градската библиотека. Исто така се користеше и програмибилен дрон кој учениците ги доведе до крајното богатство.

Како гости во играта учествуваа и ученици од ООУ „Петре Поп Арсов“ – Богомила, а организатори на настанот беа наставниците: Ѓорѓина Димова, Велика Маркова, Трајанка  Апостолова, Марика Вучкова и Зоран Симоновски.



**Амбасадорот на Република Франција во посета на нашето училиште**

На 30.09.2022 година во нашето училиште го пречекавме амбасадорот на Република Франција, г-дин Сирил Бомгартнер, кој во рамките на проектот за заживување на наставата по француски јазик, донираше интерактивна табла. Учениците ги претставија минатите и тековните активности кои се реализираат во рамките на наставата и воннаставните активности по француски јазик.



## Учество на Првиот самит на EASE за СТЕМ едукатори

Во септември наставничките Ѓорѓина Димова и Велика Маркова учествуваа на Првиот самит за СТЕМ едукатори кој се одржа онлајн. На истиот тие го презентираа својот проект – Чиста куќа = добро здравје или НЕ?

## Одбележана Неделата на детето

По повод Неделата на детето под мотото- ,, Другарството е дел од детската среќа", во нашето училиште успешно се реализираа повеќе активности. Спортски полигон за учениците од трето, четврто и петто одделение, цртање во училишниот двор со прво и второ одделение, литературно и ликовно творење на тема- Детство, Другарство, Учител е... и многу детски игри и активности. Исто така и во четирите подрачни училишта во селата: Пепелиште, Криволак, Црвени Брегови и Војшанци се реализираа бројни активности за детето и другарството. Круна на сите активности беше приредбата посветена на учениците од прво одделение, каде со културно- уметничка програма учениците од второ, трето, четврто и петто одделение им го разубавија свеченото примање во големото семејство на Детската организација. Тие денес ја дадоа својата свечена заклетва дека ќе бидат добри, вредни и примерни ученици и од се срце им посакуваме се најдобро!








**Планинарска тура с. Горни Дисан**

По повод Недела на детето и Денот на учителот ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино, на ден 09.10.2022 година, дел од наставниците заедно со учениците изведоа планинарска тура од с. Горни Дисан до археолошки локалитет (Градот).



## Учество на 4 – та Scientix Конференција

На 4- та Scientix Конференција наставничката по информатика Ѓорѓина Димова, учествуваше со своја постер презентација на тема: „Патот на пластичното шише“. Нејзиниот постер беше избран за да биде презентиран помеѓу 80 останати постери.

## Обука во нашето училиште како дел од проектот “Upgrade with Learner Centered Approach”

Во периодот од 24-28 октомври во нашето училиште се реализираше обука на тема “Train the LCA teacher-trainer”. На обуката присуствуваа 19 наставници од основни училишта и професори од универзитети од Словачка, Литванија, Словенија и Македонија.

Нашето училиште беше домаќин на овој настан како партнер во Еразмус проектот ULCA *„Надгради се со пристапот – ученикот во центарот на учичнилницата“*//Upgrade With LCA.

Учесниците за време на обуката се валидираа како идни LCA обучувачи кои во иднина ќе им помогнат на наставниците да го примената овој метод, но и на училиштата за започнат на патот да станат ULCA училишта.



**Учество на Регонален саем за социјално претприемништво**

На 06.10.2022 членовите на секцијата за Изработка на козметика од природни состојки учествуваа на Регионалниот саем за социјални претпријатија. На саемот, свои производи претставија социјални претпријатија од регионот. Истиот се одржуваше на плоштадот во Неготино. Нашите ученици ги претставија нашите производи: сапун, хербален крем, крем со цинк оксид и путер за пети. Нашите производи предизвикаа голем интерес на саемот.

**Работилница за ученици од одделенска настава**

Во текот на месец октомври училишниот педагог Милена Белевска и психологот Микица Илиевска реализираа работилница за учениците од одделенска настава. Целна група беа претседателите на паралелките од 2-5 одделение, а темата беше „Се за мене“ на која учениците се запознаа меѓусебе, како го користат слободното време, омилени активности и хоби, споделување информации за себе.




## Посета на Музеј на град Неготино

По повод празникот на градот 8-ми Ноември, нашите ученици од 5б, 5в и ученици од предметна настава, ги разгледаа ликовните дела од изложбата во чест на овој празник.





## Резултати од изборот на Дете-Правобранител

Според гласовите од демократски реализираното тајно гласање резулатите се следните:

1. Марија Атанасова 9б
2. Росица Мојсова 9в
3. Петар Јанчев 8г

За Дете-Правобранител во учебната 2022-2023 година е избрана ученичката **Марија Атанасова** од 9б одделение.






## <u>Одбележан празникот „Ноќта на вештерките“</u>

По повод празникот „Ноќта на вештерките“(Halloween), учениците од трето и четврто одделение на часот по англиски јазик заедно со наставничката Нада Ристова преку низа игри и активности ја искажаа својата креативност и се запознаа со традицијата во Англија по повод овој празник кој традиционално се прославува ноќта помеѓу 31 Октомври и 1 Ноември.




## <u>Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст</u>

„Од децата за децата“ беше мотото на  хуманитарната акција, каде училиштето собираше чиста и користена облека и играчки и истите беа доставени до Црвен крст кои ги донираа во малите групни домови.




## Хуманитарна акција во рамките на предметот Граѓанско образование

По повод *Неделата на сиромаштијата* во ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино се организираше хуманитарна акција за собирање на ученички прибор неопходен за следење на воспитно образовниот процес, реализирана под водство на наставникот по граѓанско образование, Елена Јанева.

По успешно реализираната хуманитарна акција, собраниот училишен прибор беше рамномерно поделен помеѓу ученици од социјален ризик на кои ова им е неопходен материјал за доследно следење на воспитно образовниот процес. Ваквите акции ќе продолжат и во иднина се со единствена цел да се докаже дека секој еден ученик е вреден и секој има право на задоволување на основните потреби за секојдневно функционирање.





## Симулација на пожар

На 11.11.2022 во нашето училиште се реализираше показна вежба – евакуација при дојава на пожар. Училиштето со помош на пожарникарите успешано ја реализираше вежбата.



## Освоено 2 место на 55 Детски рацинови средби

На 55 Детски рацинови средби, во категоријата мултимедијален ИКТ проект на тема „Рацин – поет на љубовта и болката“, нашите ученици од деветто одделение: Екатерина Хаџиска, Бојан Трајков, Андреа Зорзиќ, Ристе Димов, Марија Атанасова, Атанас Јанчев, Никола Гичовски и Филип Здравев, под менторство на наст.Трајанка Апостолова го освоија второто место.



https://www.youtube.com/watch?v=_KfvuOth8zk-линк од целото видео „Ленка“

## Отварање на сензорна соба

Во прилог на ЦЕЛ 1: Подобрување на просторно-техничките и хигиенските услови, во текот на месец ноември, во рамките на проектот „Биди ИНклузивен, биди ИНклудиран" во нашето училиште се отвори сензорна соба за потребите на учениците со посебни потреби, опремена со нагледни средства и помагала кои се во функција на училиштето, со цел задржување на вниманието кај овие ученици, развој на грубата и фината моторика, пишувањето, следењето налози, самостојното извршување на серии од задачи, координацијата око-рака, играта и релациите со врсниците и сл.

Активностите со овие ученици во сензорната соба ги реализираат нашите двајца специјални едукатори и рехабилитатори Ивана Стојановиќ и Фросина Михајловска.















## Сет од работилници реализирани од страна на стручната служба

Во текот на месец ноември, педагогот и психологот на училиштето реализираа работилници со ученици од предметна настава на две теми: „Значењето на образованието“ (во прилог на ЦЕЛ 2 од ГП: Зајакнување на соработката на училиштето со родителите и учениците со послаби постигнувања) и „Развивање критички однос кон медиумите“.

На овие работилници учениците дискутираа околу значењето на образованието за иднината на младиот човек, и за тоа како критички да ги примаме информациите кои ги добиваме од медиумите.








## Заедничко гледање на натпревар од Светското првенство од фудбал

По повод Светското првенство во фудбал кој се одржа во Катар, во нашето училиште се реализираше заедничко дружење и гледање на натпреварот Хрватска – Белгија.

Натпреварот се следеше во спортската сала со проектор. На настанот присуствуваа околу 70 ученици од 6-9 одделение кои со своите наставници заеднички навиваа.



**Зонски натпревар во футсал**

На 02.12.2022 во спортска сала во Неготино се одигра зонски натпревар во футсал од основни училишта помеѓу екипите :

1. ООУ „Страшо Пинџур” Неготино
2. ООУ „Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци
3. ООУ „Кире Гавриловски-Јане “ Прилеп

Победник од натпреварите е екипата на нашето училиште.



**Посета на Дневниот центар „Порака“**

По повод 3-ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост и 5-ти Декември, Светскиот ден на волонтерството, нашите ученици од 4б, 5а, 6г и 9а заедно со своите одд.раководители ги посетија штитениците од Дневниот центар и реализираа заедничка работилница со изработка на фигури, играње домино, карти, сложувалка, фудбал. Средбата заврши со караоке забава и македонски народни песни и ора.










**Посета на Детската градинка „Фемо Кулаков“**

По повод 5-ти декември, Светскиот ден на волонтерството имавме активност со нашите ученици да волонтираат односно помагаат во дневните активности во ЈОУДГ „ Фемо Кулаков” Неготино со воспитувачките и негователките.

1. Имавме заедничко уредување и украсување на новогодишниот амбиент во градинката;

2.Припрема на нашите најмили деца со презентација за 1 одделение како изгледа еден учебен школски ден;

3.Играње ора и спортски активности.




По истиот повод ученици од 6а одделение со наставничката Маркова Велика беа во посета на Домот за стари лица – Жана. Учениците се дружеа со корисниците на домот.



**<u>Регионален натпревар "Спелување на француски јазик"</u>**

На Регионалниот натпревар "Спелување на француски јазик" учениците го освоија: ПРВО место – Илија Богоев 7г и ТРЕТО место – Андон Крстев 7в одд.




На Државниот натпревар „Спелување на француски јазик“, учениците го освоија:

-ВТОРО место:  Андон Крстев 7в и

-Шесто место: Илија Богоев 7г

Ментор: Трајанка Апостолова, наст. по француски јазик

**Одбележан Денот на љубезноста и Неделата на грижа за стари лица**

По повод Денот на љубезноста и Недела на грижа за стари лица, учениците од 5 в одд. под менторство на нивната наставничка Јасмина Анѓелкова реализираа одлична идеја - "Учиме да плетиме, ја негуваме традицијата" и нивни изработки им ги подарија на старите лица во Дом "Жана" Неготино, а со тоа ги израдуваа и го збогатија нивното секојдневие.




**Посета на Технички институт Македонија-Неготино и DUKI-DASO**

На почетокот од месец декември,  во посета на Технички Институт Македонија беа учениците од Va и IVб одделение од ООУ "Страшо Пинџур" од Неготино, заедно со наставничките Цанка Костова и Весна Јованова.

Преку кратка презентација учениците се запознаа со основните дејности и активности на оваа компанија. Низ разговор и заедничка дружба им беше учениците научија за безбедноста и здравјето при работа, важноста од применување на противпожарна заштита како и важноста од влијанието на животната средина во секоја сфера на општеството.




Исто така, при посетата на приватната компанија ДУКИ ДАСО, учениците имаа можност да се запознаат директно со процесот на изработка на чанти и други аксесоари, како и со мерките за заштите при работа.




## <u>Средба на Едуино амбасадорите</u>

На крајот од месец ноември, Едуино амбасадорите на ниво на Македонија организираа дводневен семинар на тема едукација, истражување, споделување знаења и искуства и идентификување нови начини и можности за соработка која ќе води до подобрување на квалитетот на образованието. Претставници-амбасадори од нашето училипте беа наставничките Марина Станиславова, Весна Јованова и Цанка Костова.




## <u>Идеите на учениците и наставниците-преточени во дела</u>

Нашите ученици, вредни и креативни! Старите отпадни канти, наместо да ги фрлиме, им дадоа "живот" и "ги вдомија" во нашите кабинети.

За секој наставник соодветно изработен подарок кој го отсликува секој наставен предмет. Оваа активност учениците ја изработија со наставничката по француски јазик Трајанка Апостолова, наставничката по англиски јазик Љубица Толовска и ликовниот педагог Игор Мишев.






Исто така, вредните раце на учениците и наставниците Трајанка Апостолова и Игор Мишев, „живот“ им дадоа и на старите и дотраени ќерамиди, кои ги претворија во уметнички дела, красејќи го училишниот ходник.



## Обука за новата Концепција наменета за стручната служба

Во организација на БРО и МОН, педагогот и психологот проследија еднодневна обука во ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци за имплементацијата на новата Концепција во основното образование со цел, успешна примена на истата.



## Акредитирани обуки

Во прилог на ЦЕЛ 3 од ГП: Континуиран професионален развој на наставниците, наставниците и стручните соработници во текот на првото полугодие како и по завршувањето на наставната година проследија по две акредитирани обуки (секој во зависност од своите интереси), а истите беа организирани од страна на МОН и БРО.

## Соработка со Црвен Крст

Како дел од кампањата „Првата помош спасува живот“, Црвен крст-Неготино реализира обука во нашето училиште на која учениците имаа можност да се стекнат со основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција чија цел е да се спаси човечки живот, но и да се намалат компликациите од настанати повреди и инвалидитет.

Исто така, со цел подигнување на јавната свест кај младата популација која е најкритична за превенција и рано откривање на инфекцијата, за нашите ученици од 9 одделение Црвен Крст спроведе едукативна врсничка работилница за ХИВ/СИДА.





**Работилница со родители во ПУ с. Криволак**

Во прилог на ЦЕЛ 2 од ГП: Зајакнување на соработката на училиштето со родителите и учениците со послаби постигнувања, на ден 06.12.2022 во ПУ с.Криволак се одржа работилница за родители реализирана од страна на педагогот и психологот на училиштето. Со оваа работилница на тема "Значењето на образованието" се очекува зајакнати партнерските односи со родителите и подигната свест кај нив за значењето и придобивките од образованието. Во прилог на родителите од ромска националност, на оваа средба службата направи и промоција на Ромскиот образовен медијатор која воедно е и наша поранешна ученичка, а која во соработка со нашето училиште ќе започне активности за училишниот живот, напредокот и постигнувањата на учениците од ромска националност.






## Изработка на новогодишни честитки

Учениците од 6 одделение заедно со наставничката по англиски јазик Марија Стојкова изработија новогодишни честитки. Истите им ги испратија на нивните другарчиња од Základná škola Dončova 4, од Ружомберок, Словачка – училиште кое е наш партнер во Еразмус проектот “Upgrade With LCA”.







## Телевизија „Страшо Пинџур“

Во месец декември започна да се емитува Телевизија Страшо Пинџур. Емисиите ги подготвуваат ученици од 8 и 9 одделение под менторство на Трајанка Апостолова и Ѓорѓина Димова. Телевизијата се емитува онлајн на нашиот јутјуб канал и до кој може да се пристапи преку нашата веб страна.

## Спроведена анкета во нашето училиште

На ден 23.12.2022 година во нашето училиште се спроведе анкета поддржана од Министерството за образование и наука во соработка со ОБСЕ. Целта на анкетирањето е согледување на перцепциите и ставовите во врска со меѓуетничката интеграција во образованието. Во истражувањето учествуваа 104 основни и 33 средни училишта и вклучува ученици, наставници, стручни соработници и директори на училишта, како и родители на учениците од нашата земја. За потребите на ова истражување, од нашето училиште опфатени беа вкупно 36 ученици, распоредени во две групи (од 4 до 6 одд. и од 7 до 9 одд.), 36 родители и 16 вработени. Анкетирањето го спроведе одговорно лице

назначено од МОН, Сандра Колева професор по одделенска настава во ООУ “Тоде Хаџи Тефов”-Кавадарци во соработка со нашиот училишен педагог Милена Белевска.



**Работилница „Превенција за заштита од дрога“**

По повод претстојните Новогодишни празници, училишниот педагог Милена Белевска и психологот Микица Илиевска минатата работна недела реализираа работилница со членовите во Ученичкиот Парламент на тема: „Превенција за заштита од дрога“. Целта на оваа работилница беше да се информираат, образоват и да ја зголемат свесноста за штетното влијание од употребата на наркотици.




**Изработка на честитки по повод Новогодишните празници**

Учениците од седмо и осмо одделение заедно со наставничката Александра Балкански ги честитаа празниците со еден колаж од честитки кои ги изработија на часовите по француски јазик.

Bonne Année et Joyeux Noël à toutes et à tous!

https://padlet.com/aleksandrabalkanski/e4alqedo262d5oby...

**Новогодишен спортски турнир**

Во новогодишниот турнир кој се одржа последната недела од месец декември се натпреваруваа тимовите- ученици од 6 одделение. Победник на турнирот е 6а одделение под менторство на наставникот Сузана Андонова.



## Проектна активност на тема: Растенија

На часот по Природни науки од страна на ученичката Ирина Ефремова од 3б одд. под менторство на наставничката Цветанка Недева, реализира презентирање на Проектна активност на тема Растенија.

Во оваа тема учениците научија што им е потребно на растенијата за да растат добро и зошто е важно растењето за нив.






## Новогодишна претстава на 5а паралелка

Новогодишната магија ги совлада учениците од 5а паралелка и нивната наставничка Цанка Костова, така што подготвија и изведоа Новогодишна  театарска претстава во Домот на културата „Ацо Ѓорчев“ – Неготино. „Дедо Мраз и веселата дружина“ беше масовно посетена од граѓаните на Неготино. Прекрасната сценографија и костимографија беа доказ за вредните раце на наставничката и родителите на учениците.

Во склоп на новогодишната претстава, тие се претставија и со креативни новогодишни изработки кои беа изложени во холот на Домот и истите беа од продажен карактер.







**Новогодишни пакетчиња за сите ученици од одделенска настава**

Традицијата продолжува! Како и секоја учебна година така и оваа, училиштето обезбеди Новогодишни пакетчиња за нашите помали ученици, односно за учениците од одделенска настава.

Донација од новогодишни пакетчиња од страна на здружението „Вешта жена“ добија учениците со посебни образовни потреби, додека Црвен Крст-Неготино им додели пакетчиња на учениците од ПУ во с.Војшанци и Црвени Брегови.

## Учениците од 5а на гости во ПУ с.Црвени Брегови

Под мотото „Секое дете има право да ја доживее Новогодишната магија“, учениците од 5а одделение предводени од нивната наставничка Цанка Костова, ги посетија своите врсници од ПУ с.Црвени Брегови. Во пресрет на Нова година, тие им подарија новогодишни подароци и специјално за нив, премиерно ја изведоа театарската претстава „Дедо Мраз и веселата дружина“.






## Новогодишни претстави за родителите

Учениците од одделенска настава под менторство на своите одделенски раководители припремаа и изведоа новогодишни приредби, во своите училници за своите родители. Со прекрасна сценографија и костимографија, учениците создадоа предновогодишни забави за паметење.






## Нашиот Новогодишен амбиент!

Вредните раце на нашите наставнички и овој декември го уредија во новогодишно руво ходникот на нашето училиште.





## Училишен Новогодишен концерт

На 30.12.2022 во Домот на културата се одржа традиционалниот Новогодишен концерт. Оваа година на концертот учествуваа сите ученици од 2 -5 одделение како и училишниот хор и училишниот бенд.

Нашето училиште во Домот на културата приреди спектакуларна Новогодишна бајка!



Снимката од целиот Новогодишниот концерт може да се погледне на следниот линк: https://youtu.be/kJf0y98LVWg

## Обука на тема „Стратегии за воведување на настава со фокус на ученикот“

Во прилог на ЦЕЛ 3 од ГП: Континуиран професионален развој на наставниците, за време на зимскиот распуст на учениците, на 17.01.2023 во училиштето се одржа интерна обука на тема „Стратегии за воведување на настава со фокус на ученикот“. На обуката наставниците се запознаа со предностите на наставата со фокус на ученикот, како и неколку стратегии со кои може истата да ја воведат во училницата. Обуката ја реализираше: Ѓорѓина Димова, наст. по информатика.








## Работилница на тема: „Справување со емоции“

Во рамките на проектот „Унапредување на менталното здравје на учениците“ , во соработка со БРО и УНИЦЕФ, на ден 31.01.2023 година, педагогот и психологот на училиштето реализираа работилница на тема: „Справување со емоции“. Целна група беа учениците членови на Ученичкиот Парламент со цел, на учениците да им се помогне да ги разберат и регулираат сопствените емоции, мисли и однесување, да развиваат и одржуваат позитивни социјални односи, да носат зрели и одговорни одлуки и да имаат подобри академски постигања.









## Недела на информатиката

Во рамките на Неделата на информатиката 2023 во нашето училиште се реализираа неколку активности. Учениците од 6 одделение дискутираа на тема „Каков онлајн пријател си ти?“. На Денот на побезбеден интернет учениците од 6 одделение подготвија и реализираа две работилници. Првата на тема кодирање - Кодирај го своето име ја реализираа со учениците од 4 одделение, а втората на тема - Ден за побезбеден интернет со учениците од 5 одделение.

Исто така се реализира и натпреварот Потрага по богатството во кој учениците се натпреваруваат кој најбрзо и најточно ќе ги реши загатките кои се кријат зад QR кодовите поставени низ училиштето.

Активностите се одвиваа под менторство на наст. по информатика Ѓорѓина Димова.



## Учениците од одделенска настава во посета на училишната лабораторија

Во текот на месец февруари, учениците од III а, III б и III в одделение ја посетија лабораторијата во нашето училиште, каде се запознаа со лабораториските инструменти и дел од хемиските раствори (супстанци). Учениците со големо внимание и интерес го следеа објаснувањето на наставничката по хемија, Велика Маркова, а исто така беа активно вклучени и во изведувањето на експериментот. Ваквиот начин на учење преку практична примена во лабораторија е многу ефикасен и истиот ќе продолжи и во иднина.





**Општински натпревар по физика**

На 10.02.2023 се одржа општински натпревар по физика, во ООУ "Гоце Делчев"- Неготино. Со право на учество на регионален натпревар се стекнаа учениците:

– Андреа Зорзиќ 9 одд.

– Давид Петров 9 одд.

– Екатерина Хаџиска 9 одд.

– Христијан Стојанов 8 одд.

– Петар Јанчев 8 одд.



## Општинскиот натпревар по хемија

На 24.02.2023 во ООУ”Страшо Пинџур”Неготино се одржа општинскиот натпревар по хемија во кој учество зедоа учениците од основните училишта од Неготино, Градско и Демир Капија. Нашите ученици, од 9 одд., ги постигнаа следниве резултати:

-Цветанка Петровска-прва награда

-Давид Петров –втора награда

-Јулијана Ѓорѓиева–втора награда

-Лилјана Лазова–втора награда

-Марија Атанасова–втора награда

-Марија Боцева –трета награда

-Антонија Великовска–трета награда

-Јована Јанева–трета награда

-Марија Ѓорѓиева – успешно учество

## Регионален натпревар по математика

На ден 04.03.2023год. во ООУ„Пере Тошев“-Росоман се одржа Регионален натпревар по математика. Учениците од нашето училиште ги постигнаа следните резултати:

1. Лилја Димова, 4 одд., I-награда , ментор Весна Јованова;
2. Стела Ќимова, 4 одд., Пофалница, ментор Весна Јованова;
3. Андон Крстев, 7 одд., II-награда, ментор Силвана Миладинова;
4. Христијан Стојанов, 8 одд., II-награда, ментор Сања Ристова;
5. Митко Виденов, 8 одд., Пофалница, ментор Сања Ристова;
6. Екатерина Хаџиска, 9 одд., III-награда, ментор Силвана Миладинова.

## Одбележан Патрониот празник на училиштето

На ден 06.03.2023 година нашето училиште го одбележа Патрониот празник преку пригодна приредба на која нашите ученици пееја, играа, рецитираа. Присутни беа градоначалникот на Неготино г-дин Горан Стојанов, претставници од Советот на општина Неготино, претставници од училиштата од општината, претставници од Сојуз на борци.


СТРАШО





## Посета на куќата на Страшо Пинџур во с.Ваташа

По повод патрониот празник на нашето училиштето ООУ„ Страшо Пинџур " од Неготино, учениците од 9а паралелка заедно со нивниот раководител Зоран Симоновски, на ден 07.03.2023 година ја посетија куќата на народниот херој Страшо Пинџур во Ваташа.

Тие ја разгледаа постојаната историска поставка и се запознаа со животнот пат и револуционерното дело на народниот херој.



## Регионален натпревар по информатика

На регионалниот натпревар по информатика кој се одржа на 11.03.2023 во Кавадарци, ученикот Андон Крстев, 7в одд. освои трета награда и според постигнатиот резултат обезбеди учество и на државниот натпревар.

## Општински натпревар по природни науки

На 10.03.2023 година се одржа општинскиот натпреварот по ПРИРОДНИ НАУКИ.

Нашите ученици постигнаа одлични резултати и дел обезбедија учество на регионалниот натпревар.

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV | Благој Стојков | I награда | Весна Јованова |
| IV | Лазар Коцев | I награда | Весна Јованова |
| IV | Дарио Ставров | I награда | Весна Јованова |
| IV | Борис Нечев | II награда | Весна Ѓорѓиева |
| IV | Емилија Ангелова | II награда | Весна Јованова |
| IV | Ана Трајковски | II награда | Весна Петридова |
| IV | Миша Недева | II награда | Весна Петридова |
| IV | Зорица Андова | III награда | Весна Петридова |
| | | | |
| V | Марија Зазова | II награда | Наталија Котевска |
| V | Тодор Адамов | II награда | Наталија Котевска |
| V | Грета Панова | II награда | Наталија Котевска |
| V | Даниел Ставров | II награда | Наталија Котевска |
| V | Христина Богева | II награда | Наталија Котевска |
| V | Јана Коцева | II награда | Наталија Котевска |
| V | Александра Хаџиска | III награда | Наталија Котевска |
| V | Драгана Трајковски | III награда | Наталија Котевска |
| V | Лазар Бојкот | III награда | Наталија Котевска |
| V | Тамара Николовска | III награда | Наталија Котевска |

**Кенгур-2023г.**

На 23-ти март 2023 год. ученици од второ до деветто одделение од централното и подрачното училиште од село Пепелиште земаа учество на Меѓународниот натпревар по математика "Кенгур 2023".



**Одбележан месецот на францускиот јазик**

Месец март е месец на францускиот јазик, Месец на Франкофонијата. По тој повод, сите земји членки на франкофонската заедница, од сите континенти на светот, ја одбележуваат и прославуваат франкофонијата и францускиот јазик со најразлични активности. Франкофонијата е заедница на сите држави во светот кои го зборуваат францускиот јазик како официјален или службен јазик или го изучуваат како втор странски јазик.

Нашите ученици земаа активно учество на одржаната франкофонија.



**Одбележан Денот на шегата**













**Регионален натпревар по англиски јазик**

На регионалниот натпревар по англиски јазик во организација на ЕЛТАМ -МК кој се одржа на 08.04.2023 година во СОУ „Добри Даскалов“ во Кавадарци, нашата ученичка Екатерина Хаџиска од 9 одделение го освои второто место и се пласира на државниот натпревар.



**Регионален натпревар по физика**

На 08.04.2023, во ПМФ во Скопје, се организираше регионален натпревар по физика за учениците од 8 и 9 одделение. Нашите ученици покажаа солидни резултати: Христијан Стојанов, 8а одд – пофалница Давид Петров, 9а одд -успешно учество, се стекнаа со

право на учество на државниот натпревар, а учениците Андреа Зорзиќ, 9в одд. и Петар Јанчев, 8г одд. имаа успешно учество.



## Регионален натпревар по природни науки

На 10.04.2023 година се одржа регионалниот натпревар по ПРИРОДНИ НАУКИ на кој нашите ученици постигнаа успеси.

| IV одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Борис Нечев | I награда | државен | Весна Ѓорѓиева |
| Лазар Коцев | I награда | државен | Весна Јованова |
| Емилија Ангелова | III награда | | Весна Јованова |
| Благој Стојков | III награда | | Весна Јованова |
| Дарио Ставров | III награда | | Весна Јованова |
| Ана Трајковски | III награда | | Весна Петридова |
| Миша Недева | III награда | | Весна Петридова |
| Зорица Андова | III награда | | Весна Петридова |
| | | | |
| V одделение | | | |
| Марија Зазова | I награда | државен | Наталија Котевска |
| Александра Хаџиска | II награда | државен | Наталија Котевска |
| Драгана Трајкова | II награда | државен | Наталија Котевска |
| Грета Панова | II награда | државен | Наталија Котевска |
| Даниел Ставров | II награда | државен | Наталија Котевска |
| Тодор Адамов | II награда | државен | Наталија Котевска |
| Лазар Бојков | III награда | | Наталија Котевска |
| Јана Коцева | III награда | | Наталија Котевска |
| Тамара Николовска | III награда | | Наталија Котевска |
| Христина Богоева | III награда | | Наталија Котевска |

## Одбележан Денот на планетата Земја

По повод Денот на планетата Земја 22.04.2023 година, нашите ученици од 9 одделение во соработка со Ј.П.Комуналец Неготино извршија пошумување на дрвја со цел зачувувањето на животната средина и подигање на еколошката свест.



STEM School Label
COMPETENT
valid until 10/2024
This school has been awarded with the Competent STEM School Label

## Добиена европска ознака STEM School Label

Нашето училиште доби европска ознака за СТЕМ образование Stem School Label – Competent. Ознаката покажува дека училиштето како заедница развива добра СТЕМ стратегија и дека е на вистинскиот пат кон подобрување на СТЕМ образованието на нашите ученици.

Апликацијата за добивање на ознаката се развиваше во текот на месец април преку пставување на докази за добри СТЕМ практики од последните две години со кои докажуваме дека ги задоволуваме основните критеруми за добивање на истата.




**<u>Заедничко одбележување на Велигден и Рамазан Бајрам</u>**

Учениците од IIIа одд. под менторство на нивната наставничка Марина Станиславова, во улога на наставник реализираа активности на тема: *Значењето на Велигден и Рамазан Бајрам.*



## Работилници за ученици

Во текот на месец април, нашиот педагог и психолог реализираа две работилници за унапредување на менталното здравје на учениците на тема: „Справување со емоции“ и „Контрола на сопствената лутина“.





Во текот на месец мај, педагогот и психологот на училиштето, во пресрет на летниот распуст, реализираа работилница со најмалите ученици (учениците од 1 одд.) на тема: „Слободно време“. Целта на оваа работилница беше насочување на децата за правилно и продуктивно исполување на слободното време во периодот кој следи.



## Активност: Од деца за деца

На ден 27.04.2023 г. во нашето училиште се реализираше драматизација на претставата “На другата страна од оценките”, во која учество земаа дел од учениците од 5в одд. под менторство на нивната наставничка Јасмина Анѓелкова. Целта на оваа активност беше развивање на креативните способности кај децата, развој на детскиот устен говор, визуелна меморија, способност за анализа и донесување заклучоци. Од содржината на претставата се поттикна кај децата чувство на љубезност, подготвеност да се помогне на секого во неволја, способност да бидат другари. Публика беа учениците од второ, трето, четврто и петто одделение од нашето училиште.



## Државен натпревар по математика 2023 год.

На 14.05.2023 год. се одржа Државниот натпревар по математика за основно образование на ПМФ-Скопје. Учениците од нашето училиште успешно се претставија: Екатерина Хаџиска, 9 одд. и Андон Крстев, 7 одд се закитија со Пофалница - ментор С.Миладинова и Христијан Стојанов 8 одд. успешно учество, ментор Сања Ристова.



**Денот на сесловенските просветители**

Учениците од IIIа и IIIб одделение под менторство на нивите наставнички Марина Станиславова и Цветанка Недева, учествуваа во проектна активност:

„Ученик во улога на наставник“ за одбележување на овој голем и значаен празник!

https://www.youtube.com/watch?v=o6n2J6oGTMg

https://www.youtube.com/watch?v=rvcfWhJ7Qn0




**Ученикот во улога на наставник**

Во текот на целата учебна година, учениците од IIIб одд. под менторство на нивната наставничка Цветанка Недева интензивно изработуваа проектни активности,

презентирајќи ги, во улога на наствник. Во работилниците беа вклучени сите ученици на кои се обработуваа најразлични теми.













Оо
НЕГОТИНО


Оо
ТРАДИЦИЈА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО МАКЕДОНИЈА
КУЛТУРНИТЕ ТРАДИЦИИ НА МОЈАТА ТАТКОВИНА
GAME OVER


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


НЕГОТИНО
МОЈОТ РОДЕН ГРАД НЕГОТИНО


ДРУГАРСТВО
СОРАБОТКА
Сила







## Упис на првачиња

Согласно Законот за основно образование во текот на месец мај – 2023 година, општинското основно училиште „Страшо Пинџур“-Неготино изврши упис на децата за поаѓање во прво одделение во учебната 2023/2024 год.

Во прво одделение се запишуваа децата родени во периодот од 01.01.2017 год. до 31.12.2017 год. Во прво одд. може да се запишат и децата родени до 31. 01. 2018 год., по претходно Барање од родителот и добиено Мислење од педагогот или психологот во училиштето.



## Државен натпревар по биологија

На Државниот натпревар по биологија што се одржа на 20 мај ученичката Цветанка Петровска од 9а одделение, под менторство на наставничката Магдалена Ристова освои 3 награда.

## Меѓународен натпревар „Гоцеви Денови 2023г.“

„Падна јунак во Баница“ е насловот на нашиот проект кој зема учество на Меѓународниот натпревар во Врање каде го освоивме првото место. Во истиот, активно учествуваа дваесеттина ученици под менторство на наставничките Трајанка Апостолова и Ѓоргина Димова, кои лично беа да ја подигнат наградата.



## Прослава по повод „24 Мај“

На ден 30 мај на Спомен костурницата на град Неготино, нашето училиште одржа приредба во чест на нашите просветители Св. Кирил и Методиј. Во рамки на приредбата беше и премиерата на најновото филмско остварување од нашата филмска лабораторија: Chinese Whisper.




## Stem Discovery Campaign 2023

Во рамките на Stem Discovery Campaign 2023 (кампања за промовирање на СТЕМ - наука, технологија, инженерство и математика) организирана од Scientix беа реализирани околу 2200 настани во 50 земји од целиот свет. Беа организирани 9 натпревари. Нашето училиште организираше 12 настани и  имавме два победнички настани: Storytelling with Scratch на натпреварот на Stem Alliance & Intel, на наставничката Ѓорѓина Димова и Tree Planing на натпреварот на Life Terra, на наставникот Зоран Симоновски. Тоа што имаме два настани избрани како победници само покажува дека европската ознака STEM School Label-Competent Level не е туку така добиена, туку ги покажува нашите заложби и напори за обезбедување квалитетно СТЕМ образование за нашите ученици.

## Државен натпревар по физика

Од одржаниот Државен натпревар по физика, на ПМФ Скопје нашите ученици под менторство на наставникот Марика Вучкова ги постигнаа следните резултати:

Христијан Стојанов, 8 одд. – Прва награда

Давид Петров, 9 одд. – успешно учество.




## Државен натпревар по природни науки

На 10.06.2023 год., на ПМФ во Скопје се одржа Државниот натпревар по Природни науки. Нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

| | | | |
|---|---|---|---|
| | IV одделение | | |
| IV | Лазар Коцев | II награда | Весна Јованова |
| IV | Борис Нечев | пофалница | Весна Ѓорѓиева |
| | V одделение | | |
| V | Марија Зазова | III награда | Наталија Котевска |
| V | Даниел Ставров | III награда | Наталија Котевска |
| V | Александра Хаџиска | пофалница | Наталија Котевска |
| V | Тодор Адамов | пофалница | Наталија Котевска |
| V | Драгана Трајкова | пофалница | Наталија Котевска |
| V | Грета Панова | учество | Наталија Котевска |

## Детски лирски треперења

Ученичката Ана Николова, под менторство на наставничката Милена Златковиќ, учествуваше на 44 Фестивал за детско поетско творештво “Детски лирски треперења” и успешно го претстави нашето училиште, закитувајќи се со награда. Заедно со учесници од целата земја, учествуваше на тридневна манифестација која се одржуваше во Детското одмаралиште “Радости” во Охрид. Учесниците имаа можност да се дружат со нашиот писател Горјан Петревски, да разменат идеи и позитивен став кон пишаниот

збор, како и да си дадат ветување дека и во иднина ќе ја негуваат љубовта кон творештвото.




**Наши наставници на 40 работилница на Future Classroom Lab во Брисел**

Ѓорѓина Димова и Зоран Симоновски се наши наставници кои учествуваа на 40 работилница на Future Classroom Lab која се одржа на 16 и 17 јуни во Брисел. На работилницата наставниците заедно со уште 40 наставници од Европа се запознаа со новите проекти на Scientix и можностите за подобрување на СТЕМ образованието. Во рамки на работилницата на наставниците победници им беа доделени и наградите од Stem Discovery Campaign 2023.



**Првенец на генерацијата и пофалени ученици**

Наставничкиот совет при ООУ „Страшо Пинџур“ донесе одлука за Првенец на генерацијата да биде прогласена ученичката **Екатерина Хаџиска - 9в** додека следните ученици се пофалени за постигнатиот успех.

Цветанка Петровска - 9а

Давид Петров - 9а

Јулијана Ѓорѓиева - 9а

Марија Атанасова - 9б

Марија Боцева - 9б

Ристе Димов - 9в

Лилјана Лазова - 9в

Андреа Зорзиќ - 9в



**Летен франкофонски камп**

Од 20 – 25 јуни, учениците Андон Крстев 7одд. (ментор Трајанка Апостолова) и Невенка Андова 8одд. (ментор Александра Балкански) како награда за постигнатите високи резултати на Државните натпревари по француски јазик, престојуваа на Летниот франкофонски камп во детското одморалиште Михајлово. Во рамки на

франкофонскиот камп учениците го изучуваат и увежбуваат францускиот јазик преку учество во најразлични активности, игри, квизови и натпревари.



**<u>Нова кровна конструкција на новата училишна зграда</u>**

Во прилог на ЦЕЛ 1 од ГП: <u>Подобрување на просторно-техничките и хигиенските услови</u>, по завршувањето на наставната година, во училиштето интензивно се работеше на подобрувањето на просторно-техничките и хигиенските услови односно, се изврши промена на стариот кров на новата училишна зграда. Се изврши и варосување и санација на оштетените ѕидови од стариот кров кој протекуваше.

# Постигнати резултати на учениците

Реализацијата на наставниот процес во текот на учебната 2022/2023 година се одвиваше без проблеми и со динамика од реализирани 180 наставни денови. Наставната година започна на 01.09.2022 година, согласно Календарот за организација и работа на училиштето, а заврши на 14.06.2023 година.

Во текот на учебната 2022/2023 година според бројчаната скала од 1 до 5 се оценети учениците од 4 до 9 одделение (вкупно 543 ученици) и постигнат е **среден успех – 3,94 на ниво на училиште**.

Постигнувањата на учениците од I до III одделение за овој временски период се описно оценети (вкупно 333 ученици).

Показателите покажуваат дека:

| Постигнат успех | Број на ученици |
|---|---|
| **Описно оценети ( 1-3 одд)** | **333** |
| **Одличен (5)** | 221 |
| **Мн. добар (4)** | 111 |
| **Добар (3)** | 116 |
| **Доволен (2)** | 60 |
| **Повторувачи** | 35 |
| **Бројчано оценети (4-9 одд.)** | **543** |
| **876 + 2 од ПП ученици** | |

| Одделение | IV | V | VI | VII | VIII | IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средна оцена по одделенија** | **4,03** | **4,04** | **3,84** | **3,86** | **3,57** | **4,10** | **3,94** |

**Табела 1 - Среден успех на учениците по одделенија**

| | Одлични | | Мн. добри | | Добри | | Доволни | | Повторувачи | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Етн. Припад.*** | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Број |
| ***Македонци*** | 218 | 99 | 101 | 91 | 80 | 69 | 11 | 18 | 4 | 11 | 414 |
| ***Роми*** | 3 | 1 | 9 | 9 | 31 | 27 | 42 | 70 | 27 | 77 | 112 |
| ***Турци*** | / | | / | | 2 | 2 | 3 | 5 | 2 | 6 | 7 |
| ***Албанци*** | / | | 1 | | 3 | 2 | 4 | 7 | 2 | 6 | 10 |
| ***Срби*** | / | | / | | / | | / | | / | | / |
| ***Друго*** | / | | / | | / | | / | | / | | / |
| ***Вкупно*** | **221** | | **111** | | **116** | | **60** | | **35** | | **543** |

**Табела 2 –успех на уч. од IV – IX одд.по етничка припадност**

Табеларна споредба на успехот на учениците за крајот на учебната учебната 2020/21 година, учебната 2021/22 година и 2022/23 година:

| Учебна година | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|
| **Среден успех** | 3,51 | 3,44 | 3,94 |




Од прикажаниот графикон, може да се заклучи дека средниот успех на учениците на крајот од учебната 2022/23 година, спореден со претходните две години е видливо повисок, категорија - Мн.Добар.

Евидентирани се вкупно 72606 отсуства, од кои 42988 се оправдани, а 29618 се неоправдани отсуства.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Нашето училиште и во оваа учебната 2022/23 година остваруваше континуирана соработка со локалната средина која истата беше во функција на унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес.

Соработката со **Центарот за социјални работи**, како до сега така и ова годинасе состои во изнаоѓање заеднички решенија за помош на социјално загрозени семејства и потенцијалните малолетници во ризик, во насока на подобрувањето на успехот и поведението на учениците.

Партнерска и плодна соработка се остваруваше и со **локалната самоуправа** под чии надлежности е нашето основно училиште, во смисла на почитување на насоките и укажувањата во организирањето на воспитно-образовниот процес, учество во општински проекти и активности по разни поводи. Не изостанува и соработката со други училишта од нашиот град и пошироката околина.

**Соработката со родителите** во текот на целата учебна година се одвиваше континуирано. Се реализираа состаноци на Советот на родители, родителски средби, индивидуални или групни од страна на наставниците и одд. раководители, како и од страна на директорот и стручната служба. Родителите постојано и навремено беа известувани и за успехот и поведението на учениците. Во текот на оваа учебна година, Советот на родители реализира вкупно 3 состаноци.

**Училишниот одбор**, во текот на учебната 2022/2023 година на одржаните 10 состаноци, одговорно ги извршуваше тековните должности во рамките на своите законски ингеренции и со тоа овозможи непречено одвивање на воспитно – образовниот процес на нашето училиште.

**Стручните органи во училиштето,** Наставничкиот совет (16 состаноци во текот на оваа учебна година), Одделенските совети на предметните и одделенските наставници (вкупно 8 состаноци), одд. раководители и стручните активи на наставниците во текот на учебната година работеа согласно законските норми и прописи. Ученичкиот Парламент во текот на учебната година реализира 6 состаноци. Одговорни вработени за УП се училишниот педагог и психолог.

Сите овие сегменти што ја чинат целокупната структура на училиштето во координација на раководниот орган на училиштето – директорот, најодговорно ги вршеа работните активности за непречено и мошне успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење во нашето училиште, што е примарна цел на секое основно училиште.

Сите активности кои ги реализира училиштето во текот на учебната 2022-2023 година, како и видовите документи на училиштето, може да се најдат на училишниот портал.

Август, 2023 г.
Неготино

Сашо Ѓорѓиев
Директор

________________

Изготвиле:
Микица Илиевска - психолог
м-р Милена Белевска- педагог
Ѓорѓина Димова – пом. директор

***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки **(чисти)** на крајот на учебната 2022/23 година со настава по македонски наставен јазик*

| **Училиште** | **Ученици и паралелки по одделенија** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | **I-V** | | VI | | VII | | VIII | | IX | | **VI-IX** | | **I -IX** | |
| | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч |
| **Централни I -IX** | 3 | 66 | 3 | 59 | 3 | 76 | 3 | 52 | 3 | 59 | **15** | **312** | 4 | 89 | 4 | 83 | 4 | 94 | 4 | 78 | **16** | **344** | **31** | **656** |
| **Подрачни I -V** | 2 | 38 | 2 | 36 | 2 | 33 | 3 | 50 | 2 | 29 | **11** | **186** | | | | | | | | | | | **11** | **186** |
| **Вкупно** | **5** | **104** | **5** | **95** | **5** | **109** | **6** | **102** | **5** | **88** | **26** | **498** | **4** | **89** | **4** | **83** | **4** | **94** | **4** | **78** | **16** | **344** | **42** | **842** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки (комбинирани) на крајот на учебната 2022/23 година со настава по македонски наставен јазик*

| **Училишта** | **Ученици и паралелки по одделенија** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **V** | **Пар** | **III** | **IV** | **Пар.** | **I** | **V** | **Пар.** | **II** | **III** | **Пар.** |
| **ПУ с. Војшанци** | **3** | **2** | **3** | **1** | **6** | **3** | **1** | | | | | | |
| **ПУс. Црвени Брегови** | | | | | | | | **5** | **3** | **1** | **8** | **1** | **1** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **изостаноци** на учениците на крајот на учебната 2022/23*

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 4662 | 6383 | 5031 | 3282 | 3025 | 4924 | 4429 | 7352 | 3900 | **42988** |
| **Неоправдани** | 4902 | 3701 | 4769 | 2254 | 2133 | 5563 | 1687 | 1883 | 2726 | **29618** |
| **Вкупно** | **9564** | **10084** | **9800** | **5536** | **5158** | **10487** | **6116** | **9235** | **6626** | **72606** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **испишани** ученици на крајот*

*на учебната 2022/23*

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| **1** | / | **2** | / | **2** | 2 | 1 | 1 | **1** | 1 | **2** | / | **4** | 1 | / | / | **/** | / |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **новозапишани** ученици во текот на учебната 2022/23*

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| 7 | 1 | 2 | 1 | **/** | / | 2 | 1 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **намалено поведение** на учениците на крајот на учебната 2022/23 година*

| Одделение | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|
| **Добро** | | | 1 | | **1** |
| **Незадоволително** | | 1 | | / | **1** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **општиот успех** на учениците од 4-9 одд ( оценети бројчано)*

*на крајот од учебната 2022/23 година*

| Одд | Вкупно Ученици | | 5 Одлични | | 4 Мн.добри | | 3 Добри | | 2 Доволни | | Вкупно | | 1 Повторувачи | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | |
| **IV** | 105 | 55 | 50 | 48 | 20 | 19 | 14 | 13 | 15 | 14 | 99 | 94 | 6 | 6 | **4,03** |
| **V** | 94 | 48 | 54 | 57 | 15 | 16 | 11 | 12 | 10 | 11 | 90 | 96 | 4 | 4 | **4,04** |
| **IV -V** | 199 | 103 | 104 | 52 | 35 | 17 | 25 | 13 | 25 | 13 | 189 | 95 | 10 | 5 | **4,03** |
| **VI** | 89 | 34 | 30 | 34 | 14 | 16 | 17 | 19 | 12 | 13 | 73 | 82 | 16 | 18 | **3,84** |
| **VII** | 83 | 34 | 32 | 38 | 19 | 23 | 21 | 25 | 9 | 11 | 81 | 97 | 2 | 3 | **3,86** |
| **VIII** | 94 | 43 | 22 | 24 | 24 | 25 | 35 | 37 | 10 | 11 | 91 | 97 | 3 | 3 | **3,57** |
| **IX** | 78 | 34 | 33 | 42 | 19 | 24 | 18 | 24 | 4 | 5 | 74 | 95 | 4 | 5 | **4,10** |
| **VI -IX** | 344 | 145 | 117 | 34 | 76 | 23 | 91 | 26 | 35 | 10 | 319 | 93 | 25 | 7 | **3,84** |
| **IV- IX** | 543 | 248 | 221 | 41 | 111 | 20 | 116 | 21 | 60 | 11 | 508 | 93 | 35 | 7 | **3,94** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **општиот успех** на учениците од 1-3 одд ( оценети описнно)*
*на крајот на учебната 2022/23 година*

| Одд | Вкупно Ученици | | Високо ниво | | Средно ниво | | Ниско ниво | | Најниско ниво | | Повторувачи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | Ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % |
| **I** | 112 | 46 | 64 | 57 | 23 | 21 | 12 | 11 | / | / | 13 | 11 |
| **II** | 105 | 56 | 56 | 53 | 23 | 22 | 17 | 16 | / | / | 9 | 9 |
| **III** | 116 | 56 | 61 | 53 | 25 | 21 | 22 | 19 | / | / | 8 | 7 |
| **I-III** | 333 | 158 | 181 | 55 | 71 | 21 | 51 | 15 | / | / | 30 | 9 |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици **во посебна паралелка (комбинирана)** на крајот на учебната 2022/23 година со настава по македонски наставен јазик*

| Одд. | Вкупно Ученици | | 5 Одлични | | 4 Мн.добри | | 3 Добри | | 2 Доволни | | Описно оценети | | Бројчано оценети | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | | | | |
| **I** | 1 | / | | | | | | | | | 1 | | | |
| **VII** | 1 | 1 | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | 1 | 100 |
| **I и VII** | 2 | 1 | | | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | | |